20090060131

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за државните службеници,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јануари 2009 година.

Бр. 07-238/1
14 јануари 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007 и 161/2008), во членот 36 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Додатокот на плата за звање се вреднува, и тоа:

| Група | Звање | Бодови |
|---|---|---|
| I | генерален секретар | 706 |
| I | државен секретар | 671 |
| I | секретар на градот Скопје | 661 |
| I | секретар на општина со седиште во град | 596 |
| I | секретар на општина со седиште во село | 506 |
| I | државен советник | 516 |
| I | раководител на сектор | 496 |
| I | помошник раководител на сектор | 406 |
| I | раководител на одделение | 346 |
| II | советник | 281 |
| II | виш соработник | 246 |
| II | соработник | 231 |
| II | помлад соработник | 201 |
| III | самостоен референт | 196 |
| III | виш референт | 181 |
| III | референт | 166 |
| III | помлад референт | 146 |

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.